**Известување за концентрација со која ГАЛЕНИКА А.Д. Белград, Србија, ќе стекне поединечна контрола над Лајфмедик д.о.о. Белград, Србија**
**(предмет бр. 08-148/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 10.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со **која ГАЛЕНИКА А.Д. Белград, (*GALENIKA A.D. BEOGRAD*)** со седиште на Батајнички друм бб, Белград, Србија има намера да стекне контрола над **Лајфмедик д.о.о. Белград (*Lifemedic d.o.o. Beograd*)** со седиште на Вељко Дугошевиќ 27 А/1, Белград, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ГАЛЕНИКА А.Д. Белград** е дел од бразилската групација НЦ. Основната дејност на Галеника е производство на фармацевтски препарати, претежно лекови што се издаваат на рецепт.

Помал дел од асортиманот на Галеника вклучува и производи кои може да се издаваат без лекарски рецепт, како и одредени производи наменети за употреба во професионалната стоматолошка пракса.

Галеника има претставништво во Северна Македонија со регистрирано седиште на Булевар Кочо Рацин бр. 14, Скопје - Центар, како и друштвото Галеника ДООЕЛ Скопје.

**Лајфмедик д.о.о. Белград** се занимава со увоз и дистрибуција на природни препарати, односно додатоци во исхраната произведени од Фармалајф Рисрч Итали (*Pharmalife Research Italy*). Целното друштво е увозник и дистрибутер на препарати на овој производител за Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Северна Македонија.

Лајфмедик д.о.о. Белград е српско-словеначка компанија регистрирана за вршење дејност трговија на големо со фармацевтски производи.

Лајфмедик д.о.о. Белград нема претставништво или претпријатија-ќерки во Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

16.10.2023 година
Скопје